ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЖЕНИТЕ НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

„Младинско учество за силен и одржлив развој на заедницата“



# Вклучени млади, силни заедници

## Анализа на локални документи и политики за млади на општина Свети Николе

ЕУ со ТЕБЕ

СЕГА Коалиција на младински организации www.sega.org.mk

СОС ДЕТСКО СЕЛО Ниту едно дете не треба да расте само

forumi i gruas женски форум women's forum

ВКЛУЧЕНИ МЛАДИ, СИЛНИ ЗАЕДНИЦИ

Анализа на локални документи и политики за млади на Општина Свети Николе

Авторка:

Елена Трајкова

Издавач:

Организација на жените на Општина Свети Николе

„Оваа публикација е дел од проектот „Вклучени млади, силни заедници“, кој е финансиран од програмата за грантови на проектот „Младинско учество за силен и одржлив развој на заедницата" финансиран од ЕУ, а спроведуван од Коалиција на младински организации СЕГА. За содржината на оваа публикација целосно е одговорна Организација на жените на општина Свети Николе и не нужно ги одразува ставовите на Европската Унија“.

ЈАНУАРИ, 2023Г.

Содржина


- Кратенки
- Поимник
- Методолошки пристап
    - Цели на анализата
    - Предмет на анализа
    - Методологија на анализата
- Закон за младинско учество и младински политики
- Анализа на локални документи
    - Статут на Општина Свети Николе
    - Програма за млади и спорт 2023
    - Локална стратегија за млади
    - Стратегија за локален економски развој и Програма за локален економски развој 2023
- Сервиси за млади
    - Службеник за млади
    - Канцеларија за млади
    - Младински центар
- Заклучоци
- Препораки
- Прилози
- Користена литература

Кратенки

АМС - Агенција за млади и спорт

РСМ - Република Северна Македонија

ЗМУМП - Закон за младинско учество и младински политики

ЛМС - Локален младински совет

ЛЕР - Локален економски развој

ИО - Иницијативен одбор

ЛСМ - Локално собрание на млади

ОЖОСВН - Организација на жените на општина Свети Николе

НСМ - Национална стратегија за млади на РСМ

ЛСМ - Локална стратегија за млади

ЕЛС - Единица за локална самоуправа

Поимник

**Млади** се лица на возраст од 15 до 29 години.

**Младинска политика** е збир на мерки и активности кои се преземаат за да се задоволат потребите на младите, со цел остварување на нивниот полн потенцијал.

**Младински работници** се квалификувани лица кои поседуваат компетенции за работа со млади луѓе спроведувајќи активности со кои се поддржува нивниот личен и социјален развој преку неформално и информално учење.

**Младинска организација** е секоја организација која е регистрирана согласно Законот за здруженија и фондации, во која највисокото тело на одлучување е составено од најмалку две третини млади лица на возраст од 15 до 29 години и чиишто цели и активности се дефинирани и насочени кон унапредување на интересите на младите.

**Организација за млади** е секоја регистрирана организација согласно Законот за здруженија и фондации, која не е водена од млади, но чиј дел од програмските цели и активности се насочени кон унапредување на интересите на младите.

**Младинско учество** претставува процес кој им овозможува на младите учество и заедничко носење одлуки за политики и програми кои директно или индиректно го обликуваат животот на младите.

**Локална стратегија** за млади е стратешки документ со кој во согласност со Националната стратегија за млади се утврдуваат среднорочни цели и приоритети за развој на младинските политики и унапредување на интересите на младите на локално ниво и се утврдуваат организациски, финансиски и административни мерки за нивно остварување.

**Локален младински совет** (**ЛМС**) претставува тело на локалната самоуправа кое го сочинуваат млади претставници на различните форми на организирање во Општината, кое има советодавна и застапувачка улога за прашањата од младински интерес кон локалната самоуправа.

**Локално собрание на млади** (или Собрание на локален младински совет) претставува орган на Локалниот младински совет, кој ги бира членовите на ЛМС. Во Собранието на млади може да членуваат претставници од младински организации, организации за млади, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други облици на младинско здружување.

**Иницијативен одбор (ИО)** претставува тело кое го сочинуваат различните форми на младинско организирање во Општината и има обврска да ја поддржи Општината во основањето на Локален младински совет, доколку Општината го нема основано. ИО се формира еднократно со цел учество на младите во основањето на ЛМС и се распушта по одржување конститутивна седница на ЛМС.

**Службеник за млади** е лице одговорно за работењето на Канцеларијата за млади, за координирање, спроведување и следење на прашања од интерес на младите, а во делокругот на надлежностите на институцијата од која е назначен. Службеник за млади одредуваат органите на државната управа, општините, општините во градот Скопје, како и Град Скопје.

**Канцеларија за млади** е примарна точка за пристап на младите на локално ниво и е формирана од општините, општините во градот Скопје и Град Скопје од каде се координира работата за млади во општината.

**Младински центар** е место каде се подготвуваат и спроведуваат програми кои ја подобруваат благосостојбата на младите, развојот на личниот, социјалниот и професионалниот живот на младите, информации од важен интерес за младите и други аспекти од животот на младите.

За издавачот

Организација на жените на општина Свети Николе е здружение на граѓани формирано врз основа на слободно здружување на граѓаните за остварување на нивните интереси и превземање на активности за подобрување на целокупната состојба пред се на жените во општеството, но и на децата и младите.

ОЖОСВН е водечка сила на женското и граѓанското движење кое создава промени во општеството и придонесува за општа благосостојба.

ОЖОСВН активно работи за подобар квалитет на живот на граѓаните и граѓанките и почитување на човековите права со акцент на правата на жените и девојките.

ОЖОСВН работи на Здравствена програма, Програма за човекови права и Програма за млади и деца.

Програмата за деца и млади постои и функционира во рамките на ОЖОСВН од 2001 година и претставува продолжување на Вавилон центарот кој функционираше во рамките на ОЖОСВН во периодот 2001-2006 година. ОЖОСВН ги препознава младите како двигатели и креатори на промени во заедницата и општеството и затоа работи на надоградување на нивните знаења и вештини преку разни методи и алатки на неформално образование, поддржува младински иницијативи и работи на развој на волонтерство и младински активизам.

## Методолошки пристап

### Цели на анализата

Анализата на локални документи и политики за млади на Општина Свети Николе е направена во рамки на проектот „Вклучени млади, силни заедници“. Проектот е финансиран од програмата за грантови на проектот „Младинско учество за силен и одржлив развој на заедницата” финансиран од ЕУ, а спроведуван од Коалиција на младински организации СЕГА. Проектот има за цел да придонесе кон креирање на овозможувачка околина за активно вклучување на младите во локалната заедница, или поспецифично да се воспостават услови за имплементација на Законот за младинско учество и младински политики во општина Свети Николе. Целта на оваа анализа е да направи реален приказ на сите општински акти кои треба да се во согласност со обврските и правата на општина Свети Николе за практична имплементација на Законот за младинско учество и младински политики.

### Предмет на анализата

Предмет на анализа беа нормативната рамка и локалните документи, стратегии и политики на општина Свети Николе за практична примена на Законот за младинско учество и младински политики:

- Закон за младинско учество и младински политики,
- Статут на општина Свети Николе,
- Програма за млади и спорт 2023,
- Локална стратегија за млади,
- Програма за локален економски развој 2023 и
- Сервисите за млади во Општина Свети Николе

### Методологија на анализата

Оваа анализа се заснова на методологијата деск истражување и анализа на локални документи на Општина Свети Николе, како и компаративна анализа со документи од други општини каде веќе се воспоставени практично применливи документи според ЗМУМП. Анализата се базира на податоци добиени од истражување на објавени документи на официјалната страница на Општина Свети Николе и направено интервју со Службеникот за млади.

**Закон за младинско учество и младински политики**

На 14 јануари 2020 година, Собранието на Република Северна Македонија го донесе Законот за младинско учество и младински политики. Овој закон треба да донесе поголема вклученост на младите во носењето одлуки преку Национално собрание на млади, локални младински совети и собранија и повеќе сервиси за младите.

Целта на законот за младинско учество и младински политики, како што стои и во законот е да обезбеди креирање и спроведување на политика на млади на сите нивоа преку повеќе секторски пристап, поаѓајќи од потребите и интересите на младите; зајакнување на учеството на младите во процесите на креирање на политики за млади, активно информирање, промоција и заштита на интересите на младите, како и зајакнување на свеста за важноста на младите и нивната општествена улога; промовирање меѓугенерациско партнерство за поддршка на учество на младите во процесот на донесување на одлуки и политики; поддршка и унапредување на младинското организирање; поттикнување на структурен дијалог на национално и локално ниво; поттикнување на волонтерство, младински активизам и младинската работа и поттикнување на личен, професионален и социјален развој кај младите.

Законот за младинско учество и младински политики е првото законско решение во Северна Македонија кое го гарантира младинското учество и ги препознава младите и формите на младинско организирање. Законот дополнително за прв пат дава дефиниција што е млад човек, младинска политика, младинско учество, младинска работа и младински работник.

Со новиот закон општините се обврзани и задолжени да донесат стратегии за млади со посебни акциски планови, формираат канцеларии за млади и младински центри, одредат службеник за млади кои ќе бидат посебни сервиси за младите кои произлегуваат од законот.

За спроведување на овој закон од буџетот на Република Северна Македонија годишно се издвојуваат средства во висина од најмалку 0,3%. Од буџетите на општините, за млади се издвојуваат средства во висина од најмалку 0,1% на годишно ниво.

Во рок од пет години секоја општина треба да овозможи функционирање на најмалку еден младински центар на територијата на општината, а во рок од една година од влегувањето во сила на овој закон треба да се воспостави истражувачки центар за различни теми поврзани со младите во рамките на АМС.

Поставувањето на законски услови и рамки кои треба да се исполнат на национално и локално ниво креираат овозможувачка околина за младите и даваат сигурност за остварување на потребите и приоритетите на младите преку воспоставување на механизми на национално и локално ниво за вклучување на младите во процеси на креирање политики и донесување одлуки. За жал и после неколку години од усвојувањето на овој Закон и законски нагласените рокови за исполнување обврски од страна на државата и локалните власти, работите во пракса воопшто не се задоволувачки.[1] Не е формирирано Национално собрание на млади, ниту Национално советодавно тело за младински политики. Во 10 општини од 81 или само 12% од општините имаат формирано Локални младински совети. Во општина Свети Николе Локални младински совети се формираат уште од 2009 година, но овие совети воопшто не се

[1] https://nms.org.mk/wp-content/uploads/2022/04/Monitoring-izvestaj_MKD-2.pdf

функционални, ниту имаат ресурси за да профункционираат. Актуелниот ЛМС е избран без формирање иницијативен одбор, а што е законска обврска.

**Анализа на локални документи**

### Статут на Општина Свети Николе

Локален младински совет е уреден во Статутот на Општина Свети Николе во член 40, но сепак треба да се направи анализа на веќе постоечките ставови од членот 40 со цел да се усогласат со новиот Закон за младинско учество и младински политики, согласно член 26 став 6.[2]

| Член 40 | Сегашен статут | Според ЗМУМП |
|---|---|---|
| Формирање на ЛМС | Одлука за формирање на Совет на млади донесува Советот на Општината, на предлог на Комисијата за прашања на верификација, избори и именувања | Општините, општините во градот Скопје и градот Скопје со статут предвидуваат формирање на локални младински совети. |
| Иницијативен одбор | X | Општината распишува Повик за формирање **Иницијативен одбор (ИО)** согласно член 17 од Законот за младинско учество и младински политики. Во ИО може да членуваат младински организации, организации за млади, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други облици на младинско здружување кои работат и функционираат на територијата на Општината и сакаат да учествуваат во основањето на ЛМС. Во повикот се напоменува дека Иницијативниот одбор се формира само еднаш за одржување на конститутивното Локално собрание за млади, има најмногу 5 члена и по успешно свикување на Собранието истиот се распушта, односно мандатот престанува. |
| Јавен повик за членство во Локално собрание на млади | X | Иницијативниот одбор преку Општината објавува јавен повик за членство во Локалното собрание на млади. Во јавниот повик јасно е прикажан начинот на пријавување, критериумите кои треба да се исполнуваат за пријавување, како и рокот за пријавување. Повикот треба |

[2] Во рок од една година од влегувањето во сила на овој закон, се формираат локални младински совети согласно со одредбите од овој закон, а постоечките локални младински совети на кои мандатот не им е истечен, се трансформираат согласно со одредбите од овој закон.

| | | |
|---|---|---|
| | | да биде објавен на веб-страницата на Општината, и да биде достапен за сите млади, а да се сподели на повеќе јавни места, на социјалните мрежи на Општината, до медиумите и до засегнатите чинители (форми на младинско организирање). Формите на организирање и здружување кои може да учествуваат во Собранието не мора да бидат регистрирани во Општината, но мора да имаат активности на територијата на Општината. Делегатот и заменик-делегатот треба да бидат жители на Општината и на возраст од 15 до 29 години. |
| Конститутивна седница на ЛС на млади | X | Иницијативниот одбор иницира и заседава со конститутивна седница на Локалното собрание на млади заедно со одговорното лице на Општината. |
| Избор на комисија | X | Од редовите на Локалното собрание на млади се избира и изгласува трочлена комисија, составена од млади, која е одговорна за следење на целокупниот процес за изборот на членови на Локалниот младински совет |
| Избор на претседавач на ЛС | X | На конститутивната седница на Локалното собрание на млади се избира претседавач/ка по пат на тајно гласање. Секој член на Собранието на млади може да биде кандидиран за претседавач/ка или доколку е предложен и поддржан од најмалку 3 членови на Собранието на млади. Мандатот на членовите на Собранието на млади вклучително и на претседавачот/ката трае две години со право на уште еден избор |
| Комисија за подготовка на Деловник за работа на ЛС | X | На конститутивната седница, Локалното собранието на млади носи одлука за формирање комисија која до следната седница на Собранието на млади на Општината треба да подготви Деловник за работа на Собранието. |
| Одлука за распишување Јавен повик за Формирање Локален младински совет на Општината | X | Првата седница на Локалното собрание на млади (веднаш после конститутивната седница) ја свикува веќе избраниот претседавач/чка на Собранието. На седницата се усвојува Деловникот за работа изготвен и предложен од страна на комисијата и се донесува Одлука за распишување |

| | | |
|---|---|---|
| | | Јавен повик за формирање Локален младински совет на Општината, со критериуми во согласност со Законот за младинско учество и младински политики. Јавниот повик се објавува на веб-страницата на Општината, во локалните медиуми и на останати јавни места/социјални медиуми сè со цел да информира што е можно поголем број на млади во Општината. Повикот треба да трае најмалку 10 дена од денот на неговото објавување. |
| Што по доставените пријави? | X | По доставените пријави на кандидатите за членови на Локалниот младински совет, надлежното лице, односно службеникот за млади документацијата од сите пријавени ја доставува до претседавачот/ката и до Собранието кои пак свикуваат нова седница на Собранието. На седницата на Локалното собрание на млади се поканувваат делегатите на Собранието и младите кои се пријавиле за членови на Локалниот младински совет, а ги исполнуваат критериумите од повикот. |
| Работа на тричлената комисија | X | Тричлената верификациона комисија на Локалното собрание за млади (креирана за време на конститутивната седница) го следи процесот на избор на членови на Младинскиот совет на Општината и треба да ги потврди мандатите на делегатите. |
| Презентација на програмата | X | Кандидатите за членови на Локалниот младински совет имаат право на куса презентација на својата програма пред членовите на Собранието, по што следува постапката на гласање. |
| Избор на членови на локален младински совет | Комисијата за прашања на верификација, избори и именувања го составува предлогот од став 1 на овој член по претходно добиени предлози на облиците на месна самоуправа во општините во Општината. | Собранието на млади избира членови на локалниот младински совет по пат на непосредни избори со тајно гласање во кое право на глас имаат делегатите од локалното собрание на млади. За избрани членови на Локалниот младински совет се сметаат оние членови кои освоиле најмногу гласови од страна на присутните делегати, водејќи сметка за балансирана застапеност на двата пола. |
| Избор на претседател/ка | Советот на млади од редот на своите членови избира претседател, со мнозинство гласови од вкупниот број членови | Членовите на Локалниот младински совет од своите редови самите избираат претседател/ка за локални младински совети и заменик- |

| | | |
|---|---|---|
| | на Советотна млади, со јавно гласање. | претседател/ка и носат деловник за работа. За заменик-претседател/ка може да се избере член од различен пол од претседателот/ката |
| Свикување на седници | Седниците ги свикува и со нив раководи претседателот на Советот на млади. Советот на млади може да работи ако на седницата присуствуваат мнозинството од вкупниот број членови на Советот на млади. | Седниците ги свикува и со нив заседава претседателот/ката на Локалниот младински совет. Претседателот/ката на Советот е должен/а да свика вонредна седница на Советот на млади на предлог од најмалку 1/3 од членовите на ЛМС |
| Донесување одлуки | Советот на млади одлучува со мнозинството од вкупниот број членови на Советот за заштита на потрошувачите. | Локалниот младински совет ги донесува одлуките со мнозинство гласови ако на седницата присуствуваат мнозинство од вкупно избраните членови на ЛМС. |
| Кој може да присуствува на седниците | На седниците на Советот на млади можат да присуствуваат и учествуваат во работата градоначалникот и претседателот на Советот на Општината, без право на одлучување. | X |
| Делокруг на работа | Советот на млади разгледува прашања, организира и помага при организација на работилници, предавања, трибини, кампањи, манифестации и други работи во врска со прашања за младите со претходна консултација со Градоначалникот и општинските служби. | - предлага точки на дневен ред на Советот на Општината, кои ги засегаат младите;<br>- иницира прашања за млади од делокругот на работата на Општината;<br>- иницира, учествува и дава повратни информации за процесот на локална младинска стратегија и други политики;<br>- доставува информации до Општината, за прашања кои се однесуваат на младите и<br>- врши други советодавни и застапувачки работи во согласност со ЗМУМП |
| Број на членови и | Советот на млади има седум членови. | Бројот на членови на локалните младински совети е непарен и не надминува повеќе од една третина од членовите на Советот на општината, но не може да биде помалку од пет лица. |
| | | |

| | | |
|---|---|---|
| Кој може да биде член | Кандидатите за членови на Советот на млади ги предлагаат: здруженија на граѓани, фондации, невладини организации, здруженија на млади, ученички совети, студентски совети и други регистрирани облици на организирање на младите | Кандидатите за членови на Локалниот младински совет ги предлагаат: граѓански организации и младински здруженија, училишни заедници совети, студентски совети и други форми на младински организации. |
| Избор и разрешување | Врз основа на писмени предлози од предлагачите на предлог на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања Советот на Општината ги избира и ги разрешува членовите на Советот на млади. | Врз основа на писмените предлози од предлагачите на предлог на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, Советот на Општината XXX го избира и го разрешува Локалниот младински совет врз основа на одлука на Локалното собрание на млади. |
| Причина за разрешување | X | Советот на Општината може да разреши член на Локалниот младински совет и пред истекот на мандатот поради:<br>- лично барање на членот на ЛМС,<br>- ако неоправдано отсуствува од седниците на Советот на млади |
| Мандат | Мандатот на членовите на Советот на млади трае две години од денот на објавување на одлуката на Советот на општината во „Службен гласник на Општина Свети Николе“. | Членовите на локалните младински совети имаат мандат од две години со право на уште еден избор. |
| Број на седници | Советот на млади одржува редовни седници по потреба, но најмалку еднаш во три месеци | Локалниот младински совет одржува редовни седници по потреба, но најмалку еднаш во месецот. Седниците ги свикува и со нив заседава претседателот/ката на Локалниот младински совет. Претседателот/ката на Советот е должен/а да свика вонредна седница на Советот на млади на предлог од најмалку 1/3 од членовите на ЛМС. |
| Кој ги свикува седниците | X | Локалниот младински совет ги донесува одлуките со мнозинство гласови ако на седницата присуствуваат мнозинство од вкупно избраните членови на ЛМС. |
| Начин на работа на Локалниот младински совет | X | Начинот на работа на Локалниот младински совет поблиску се утврдува со Деловникот за работа. Локалниот младински совет може да формира постојни и повремени работни тела за потесни кругови на делување, за поедини групи на млади или за проблеми кои ги загрижуваат младите |

| | | |
|---|---|---|
| Програма за работа | X | Локалниот младински совет донесува програма за работа на ЛМС и ја доставува до Советот на Општината за секоја календарска година. Програмата за работа, Локалниот младински совет ја донесува со мнозинство на гласови од сите членови на ЛМС. Програмата се донесува и поднесува на одобрување пред Советот на Општината XXX најдоцна до 31 октомври во тековната година, за следната година. |
| Средства за работа на Советот на млади | X | Општина Свети николе обезбедува финансиски средства за работа на Локалниот младински совет и простор за одржување седници на Советот на млади во Општина Свети Николе. Од буџетот на Општината, се издвојуваат средства во висина од најмалку 0,1 % на годишно ниво кои вклучуваат ресурси за работењето на ЛМС во согласност со усвоената годишна програма.Членовите на Локалниот младински совет не добиваат надоместок за својата работа.Стручните и административните работи за потребите на Локалниот младински совет ги врши администрацијата во Општина Свети Николе односно назначува службеник/чка за млади во согласност со Законот за младинско учество и младински политики. |
| Службеник за млади | X | Советот на Општина Свети Николе е должен да одреди службеник за млади, лице одговорно за работењето на Канцеларијата за млади и координирање, спроведување и следење на прашања од интерес на младите во делокруг на надлежностите на институцијата.Службениците за млади изготвуваат годишни извештаи за работата на институциите во делокругот на млади кои ги поднесуваат до Агенцијата за млади и спорт и ги објавуваат на веб — страницата на општина Свети Николе.Контакт информациите за службениците за млади се јавно достапни преку веб-страницата на Општина Свети Николе. |

**Што да се прави кога во самата општина веќе постои Локален младински совет кој што е уреден во Статутот на општината, како што е случајот со Општина Свети Николе?**

Доколку ЛМС е уреден во Статутот на Општината, потребно е да се разгледаат членовите кои го уредуваат и да се утврди дали се во согласност со одредбите од Законот за младинско учество и младински политики.

Ова е неопходно за усогласување на документите и работата на Советот со постоечките прописи.

Според анализата на ставовите од член 40 од Статутот и од табелата погоре, јасно се гледа дека има одредби во Статутот кои се во колизија со ЗМУМП. Затоа потребно е да се направат измени кои ќе ги усвои Советот на Општината, а заради усогласување со законските одредби и најважно, воспоставување на можности за подобрување на положбата на младите во општината. За да се направи измената на Статутот потребна е до Советот да се достави иницијатива за измена и дополнување на Статутот на општина Свети Николе**.**

Одлуката за измена и дополнување на Статутот на општина Свети Николе треба да се изгласа од страна на Советот на Општината и истата се базира врз основа на член 21[3] и член 36[4] став 1, точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РСМ“ бр. 05/2002) и член 16[5] или член 26[6] од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на РСМ“ бр. 10/2020).

Носењето ваква одлука е неопходно за правно започнување на процесот на формирање на Локалниот младински совет.

Според решението за свикување на 24та редовна седница на Советот на општина Свети Николе која е одржана на 23.01.2023 во предложениот дневен ред под точка 17 стои иницијатива за измена и дополнување на Статутот на општина Свети Николе иако не е јасно дефинирано заради која намена. Но во интервјуто со службеникот за млади беше кажано дека оваа промена се однесува, меѓудругото и за усогласување со обврските од ЗМУМП. Истата точка беше изгласана со 9 гласа ЗА, и 6 ВОЗДРЖАНИ.

Ова покажува дека Општина Свети Николе е запознаена со потребата за усогласување со нормативната рамка и прави чекори кон исполнување на законската обврска.

---

[3] Општините самостојно, рамките на законот, ги уредуваат и вршат работите од јавен интерес од локално значење, утврдени со овој или друг закон и се одговорни за негово вршење.

[4] Надлежност на Советот

(1) Советот: Го донесува статутот на општината и други прописи

[5] Општините, општините во градот Скопје и градот Скопје со статут предвидуваат формирање на локални младински совети.

[6] Во рок од една година од влегувањето во сила на овој закон, се формираат локални младински совети согласно со одредбите од овој закон, а постоечките локални младински совети на кои мандатот не им е истечен, се трансформираат согласно со одредбите од овој закон.

**Програма за спорт и млади 2023**

Годишната програма за спорт и млади 2023 година на општина Свети Николе е изработена врз основа на основните одредби од Законот за спорт, Законот за локална самоуправа, како и Законот за младинско учество и младински политики. Она што е евидентно при креирање на општинските програми, вклучително и оваа, е дека нема надворешни консултации со целните групи, во случајот младите, и партиципативно креирање на истите според нивните потреби и приоритети, а недостасува и родовиот баланс како приоритет.

Ако се споредат програмите од претходните три години и од оваа година, ќе се забележи дека има значајна промена во однос на младите. Имено, за првпат оваа година, по укажување и иницијатива на ОЖОСВН во оваа програма е издвоена точка за млади со активности и буџет за поддршка на младите и младинското учество. Во минатото, практика беше парични средства од буџетот да бидат издвојувани само за активности за спорт (спортски манифестации, поддршка на спортски клубови во најголем процент над 80% за мажи), а младите и активности за нив воопшто не беа содржани во Програмата, а со тоа и во локалниот буџет.

Издвоените средства од буџетот за млади за 2023г. е 230.000 ден или 0,1 % од основниот буџет на Општина Свети Николе 170.063.609 денари. Согласно член 25[7] од законот за младинско учество и младински политики од буџетите на општините се издвојуваат НАЈМАЛКУ 0,1% на годишно ниво, а општина Свети Николе ја има испочитувано оваа законска обврска. Се надеваме, во иднина, издвоениот буџет за млади ќе биде во согласност со потребите на младите и ќе биде повеќе од минималната законска обврска.

Активностите за поддршка на млади и младински учество од програмата за млади и спорт во категорија 4 опфаќаат:

| | |
|---|---|
| • конституирање на локално младинско собрание за млади<br>- спроведување на избор на членови на Совет на млади<br>- финансирање на потребите на Канцеларијата за млади | 30.000 денари |
| • Спроведување на иницијатива за формирање на младински центар | 10.000 денари |
| • Изработка на стратегија за млади | 150.000 денари |
| • Финансирање на активности за млади — трибини, едукативни кампови, младинско учество, младинско информирање, еколошко – спортски –културни активности и др. | 40.000 денари |

Препорака на ОЖОСВН е во иднина оваа Програмата за спорт и млади да се оддвои и да постои само Програма за млади, каде ќе се вклучат активности за поддршка на Младинскиот

[7] Од буџетите на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје за млади се издвојуваат средства во висина од најмалку 0,1% на годишно ниво.

совет и поддршка на Младинскиот центар. За подготовка на оваа Програма, потребно е да следува истражување на потребите и приоритетите на младите.

Како еден од позитивните примери за општина која ги има одделено Програмите за спорт и млади и има индивидуална Програма за млади е општина Велес. Во таа програма е нагласено дека основните цели се насочени кон поддршка на работата на Локалниот младински совет, создавање услови за поддршка на младински организации и организации за млади со цел реализирање на активности чија целна група се младите од Општина Велес и поддршка на работата на Младинскиот центар во Општина Велес, со цел афирмација на Општина Велес во која особено внимание се посветува на создавањето услови за правилно насочување на младите и организирање на нивните слободни активности.

Примерот со Општина Велес е позитивен пример за тоа како Програмата за млади јасно е фокусирана за работата на ЛМС, Канцеларијата за млади, Младинскиот центар и сите активности се во насока и интересот на младите.

**Локална Стратегија за млади**

Последната локална стратегија за млади на општина Свети Николе е изработена во 2010 година, а го опфаќа периодот 2011-2015 година. После тој период не е изработена нова Локална стратегија во согласност со Националната стратегија 2016-2025. Оваа Национална стратегија ги опфаќа следниве тематски области: младинско учество, младинско информирање, локална младинска работа, образование, вработување и поддршка пред вработување, култура, спорт, здравје и квалитет на живот.

И покрај постоењето на оваа Национална стратегија 2016-2025, согласно со новиот Закон за младинско учество и младински политики предвидено е да се донесе нова Национална стратегија за млади, конкретно во рок од 18 месеци од донесувањето на законот, но на 14 јули 2021 истече законскиот рок, а нова стратегија (до јануари 2023г.) се уште нема.

Во октомври 2022 година АМС одржа прва конференција, на која беше најавен почетокот на процесот на креирање на новата Национална стратегија за млади 2023-2027

Оваа Национална стратегија за млади ќе ги исцрта приоритетните младински политики во Северна Македонија, кои потоа може да се пресликаат во локален контекст при креирање на Локалните младински стратегии.

Процесот на подготвување на стратегијата опфаќа онлајн консултативни процеси, како и организација на настани и тематски работни групи во периодот од октомври до декември 2022 година.

Во процесот ќе бидат вклучени сите засегнати страни за младински политики: државни институции, младински организации, образовни установи, донаторска заедница и локална самоуправа.

Работните групи работат на следниве 7 главни тематски област: младинско учество, младинско информирање, младинска работа, образование, култура, здравје, претприемништво и безбедност (насилство). Дополнително, документот ќе опфати и други области, со цел да ги одрази реалните потреби на младите луѓе.

Бидејќи Локалната стратегија за млади треба да е во согласност со Националната стратегија за млади, општина Свети Николе, има предвидено процесот на изработка на новата Локална Стратегија за млади да започне по усвојувањето на НСМ.

Со цел изготвување на Локална стратегија за млади, Општина Свети Николе во годишниот план за планирани набавки под точка Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на услуги, за предмет на договорот за јавна набавка е ставена **изработката на стратегија за млади** со очекуван старт за изработка во октомври 2023 година.

Во Прирачникот за Локални младински совети на АМС[8] стои дека процесот на креирање локална стратегија за млади треба да биде транспарентен, инклузивен и да обезбеди учество на сите чинители кои имаат влијание врз младинскиот развој во една локална заедница. Во нејзиното осмислување значајно место треба да имаат средношколци и студенти, граѓански организации, млади од политички подмладоци, маргинализирани групи, активисти на здруженија од областа на културата и спортот и др. При креирањето на стратегијата, треба да се запазат и потребите на различните групи на млади, особено на оние кои се маргинализирани на локално ниво. Па така, треба да се води сметка да се вклучат и да се претстават и потребите на младите лица кои доаѓаат од различни етнички заедници, рурални средини, млади лица со попреченост, млади кои доаѓаат од семејства со помали економски можности и други групи.

**Што е локална стратегија за млади?**

Според новиот ЗМУМП, Локална стратегија за млади е стратешки документ со кој во согласност **со Националната стратегија за млади**, се утврдуваат среднорочни цели и приоритети за развој на младинските политики и унапредување на интересите на младите на локално ниво и се утврдуваат организациски, финансиски и административни мерки за нивно остварување.

Според Прирачникот за локални младински совети на АМС при процесот на креирање на стратегијата, Општината треба да формира тим кој ќе го координира целокупниот процес. Тимот треба да ја утврди актуелната состојба на младите луѓе во заедницата и да ги утврди нивните клучни потреби, кои ќе ги претстави до пошироката локална јавност. Врз основа на дефинираните младински потреби и утврдените приоритети, тимот одговорен за развивање на локалната младинска стратегија, дефинира конкретни цели и мерки за задоволување на утврдените потреби на младите луѓе. Важно е дефинираните приоритети, цели и мерки да бидат во согласност со Националната стратегија за млади со цел да се обезбеди координиран пристап и доследност. Во целиот процес на изработка на Стратегијата треба да вклучи јавна консултација со сите локални чинители кои се засегнати од младинската политика, кои ќе обезбедат различни перспективи, споделување мислења и препораки за подобрување на пристапите. Финалната локална стратегија за млади, консултирана со јавноста, а особено со младите, ја одобрува Советот на Општината. Општината обезбедува транспарентност и отчетност за спроведувањето на стратегијата, преку подготовка и објавување редовни извештаи и координација со Агенцијата за млади и спорт.

Локалната стратегија е потребно да содржи Акциски план за реализација со дефинирани активности, динамика, носители на активности и проекции на буџетски средства, како и услови и индикатори за евалуација за успешноста на спроведување на ЛСМ.

Овој акциски план се изработува од страна на општината, а во соработка со Локалниот совет на млади и го усвојува Советот на општината. Времетраењето на акцискиот план треба да биде во согласност со периодот на важење на ЛСМ. За нивна реализација и имплементација

[8] https://www.osce.org/files/f/documents/a/c/491135.pdf

во пракса потребно е да се одвојат буџетски средства од општината на годишно ниво. Дополнително потребно е да се воспостави систем на мониторинг, кој тековно ќе ја следи имплементацијата на акцискиот план и успешноста на неговата реализација.

Овој процес на креирање на овие два клучни документи за унапредување на учеството и вклученоста на младите е многу важен за да се воспостават практични и применливи цели и активности за млади на локално ниво.

**Стратегија за локален економски развој**

Стратегијата на општина Свети Николе за Локален Економски Развој се однесува за периодот 2018-2022 година. На самиот почеток на Стратегијата на ЛЕР, како еден од клучните приоритети на градоначалникот се спомнати младите и спречувањето на нивното иселување, но ова воопшто не е рефлектирано понатаму во документот.

Младите се појавуваат во точка 4.9 Култура, спорт и рекреација и тоа само како постоење на младинско драмско студио Глорија и како дел од подмладоци на спортските клубови.

Како единствена активност каде се спомнуваат младите е во Стратешката цел 5: Промоција на претприемништво и поддршка на приватниот сектор во општина Свети Николе, под Специфична цел 5.2: Промоција и охрабрување на женско претприемништво, стои активност: Организирање на вмрежување помеѓу млади жени (жителки на Свети Николе) и успешни жени претприемачи.

Бидејки Стратегијата за ЛЕР се однесува за периодот 2018-2022, во годишниот план за планирани набавки под точка Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на услуги, Предмет на договорот за јавна набавка е ставена Изработка на Стратегија за Локален економски развој со очекуван старт за изработка во февруари 2023 година.

Потребно е општина Свети Николе при креирање на оваа локална стратегија, да ги вклучи потребите и приоритетите на младите во повеќе стратешки приеоритети и цели, и активностите да ги креира според интересите на младите за економски развој на локално ниво.

**Програма за локален економски развој 2023**

Во Програмата за ЛЕР 2023 пишува дека дел од активностите се направени според развојните правци на Стратегијата за ЛЕР (2018-2022).

Во програмските активности на ЛЕР под Поддршка на локалниот економски развој, под точка5 стои Организација на Форум на работодавачи во Општина Свети Николе. Овој Форум би се одвивал во три фази. Во првата фаза ќе има презентирање на активните мерки за вработување од страна на Центарот за Вработување - Свети Николе кон заинтересираните работодавачи на територија на Општина Свети Николе, како и презентирање на активните програми и мерки до заинтересираните невработени лица за вработување и самовработување.

Во фаза 2 следува Едукативен дел за млади лица и невработени лица во помош при изработка на Биографија, Curriculum Vitae (CV) и Мотивационо писмо од страна на Центарот за вработување Свети Николе, како и информирање за правата од работен однос.

Фаза 3 - со јавен повик и во директна комуникација ќе бидат повикани претставници на одделите за човечки ресурси на претпријатијата - заинтересирани за вработување од територијата на Општина Свети Николе, како и Технолошко индустриските развојни зони и други работодавачи на национално ниво, на коишто ќе им се дозволи да ги презентираат своите отворени позиции, да ги претстават условите коишто тие им ги нудат на заинтересираните лица коишто би сакале да се вработат во нивната организација, како и да прибираат барања за вработување и Биографии, Curriculum Vitae (CV) на заинтересирани невработени лица од Општина Свети Николе.

Горенаведената активност е едниствената активност од Програмата на ЛЕР 2023 во која на некој начин се опфаќаат младите за зајакнување на нивните капацитети и зголемување на нивните шанси за вработување. Со тоа и оваа програма покажува дека младите се навистина маргинализирана група во општина Свети Николе и воопшто не ги застапува нивните интереси.

## СЕРВИСИ ЗА МЛАДИ

Видови на сервиси за млади според ЗМУМП се:

- Службеник за млади
- Канцеларија за млади
- Младински центар

## СЛУЖБЕНИК ЗА МЛАДИ

Според ЗМУМП општината е должна да одреди службеник за млади. Функцијата на службеникот/чката за млади е да биде одговорен/на за работата на Локалниот младински совет, за Канцеларијата за млади, како и за координирање и следење на прашања за младите во делокругот на работа на институцијата. Службеникот/чката за млади е одговорното лице за воспоставување и работа на ЛМС и контакт помеѓу институцијата и советот, како и контакт со младинскиот граѓански сектор.

Службениците за млади изготвуваат годишни извештаи за работата на институциите во делокругот на млади кои ги поднесуваат до Агенцијата за млади и спорт и ги објавуваат на веб - страницата на општината. Дополнително од овие канали на информирање, добро е да се има пракса годишните извештаи и/или други локални документи, да се презентираат директно пред засегнатите страни, заради поголема транспарентост и отчетност за сработеното или она што треба да се реализира и подобри.

За Општината да биде подостапна за младите, информациите и контактите на службеникот/чката за млади треба да бидат јавно назначени на гласилата на Општината. Соогледдека главни канали за информирање преку кои може да се допре до младите како целна група се социјалните медиуми, добро е овие информации и контакти да се споделат и на социјалните мрежи на општината.

Според Прирачникот за Локални Младински Совети издаден од АМС се дадени предлог работни задачи на службеникот/чката за млади:

- Развивање, планирање и следење на активностите поврзани со младите на локалната самоуправа;

- Развивање, подготовка и грижа за спроведување на политиките за млади на локалната самоуправа;

- Поддршка на работата на Локалниот младински совет, на неговите членови, на спроведувањето на неговата програма, известување и транспарентност;

- Иницирање и поддршка на активности на локалната самоуправа поврзани со младите;

- Одржување комуникација и редовна соработка со младинските форми на здружување и младите во Општината;

- Следење на потребите на младите преку обезбедување истражувања за потребите на Општината, консултации со младите и следење и информирање за анализи и истражувања за трендовите кај младите;

- Обезбедување информации и информирање на младите во Општината;

- Редовна соработка со средни училишта, високообразовни установи и здруженија, како и други форми на младинско организирање;

- Водење база на податоци за разни младински активности, активни форми на младинско здружување и неформални младински групи за потребите на Истражувачкиот центар на Агенцијата за млади и спорт;

- Редовна комуникација со АМС и да биде контакт лице за младинските прашања на Општината кон младите и јавноста.

Според работните задачи ако сакаме да биде ефикасен и ефективен службеникот, за да ги исполнува сите горенаведени обврски мора да има и соодветна распределба на работно време. Може да се заклучи дека ова можеби и не е толку практична мерка особено за помалите локални самоуправи, како што е и Општина Свети Николе, каде едно лице од општинската администрација има овластувања и врши повеќе работни задачи истовремено.

Во општина Свети Николе, а согласно член 23[9] од ЗМУМП, градоначалникот на општината, на 09.11.2021 има донесено РЕШЕНИЕ за одредување лице одговорно за работењето на Канцеларијата на млади — назначување на службеник за млади. Службеникот за млади е задолжено за контакт и комуникација со млади, здруженија на граѓани, како и за водењето и следењето на работењето на Локалниот младински совет.

На локално ниво, ниту младите, ниту локалните граѓански организации како главни мобилизатори на млади, не се запознаени дека вакво лице постои во општината, неговата улога и контакти.

[9]Органите на државната управа, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје се должни да одредат службеник за млади, лице одговорно за работењето на Канцеларијата за млади за координирање, спроведување и следење на прашања од интерес на младите во делокругот на надлежностите на институцијата

**КАНЦЕЛАРИЈА ЗА МЛАДИ**

Најдоцна во рок од една година од влегување на сила на ЗМУМП, општината треба да формира Канцеларија за млади од каде ќе се координира работата за млади во институцијата и ќе претставува примарна точка за пристап на младите на локално ниво.

Според Прирачникот за Локални Младински Совети издаден од АМС службеникот/чката за млади, за да ја координира работата за млади, општината има законска обврска да отвори канцеларија за млади. Минимални услови кои Општината треба да ги обезбеди се: канцеларија во која ќе може да се работи и да се одржуваат помали средби, биро/а за работа, столови, компјутер, печатач и пристап до интернет-врска, како и основни канцелариски материјали.

Овие услови ќе овозможат зголемување на функционалноста на ЛМС, можност за работа, координација со службеникот/чката за млади, средби со претставници на институциите, на младинските организации или општо тоа ќе биде место каде секое младо лице од Општината ќе може да оствари средба со членовите на ЛМС и службеникот за млади. Канцеларијата за млади НЕ Е младински центар и има сосема различна функција. Исто така, Канцеларијата за млади НЕ се формира само за потребите на Советот на млади.

Општина Свети Николе има оформено Канцеларија за млади, која како Сервис за млади треба да е во постојан контакт и достапна за потребите на младите луѓе во Општина Свети Николе. Како Канцеларија за млади во Општина Свети Николе е одредена канцеларија број 11 — приземје во зградата на Општина Свети Николе.

Можеме да заклучиме дека формално канцеларија за млади постои, но според критериумите не ги задоволува истите. Теренската посета покажа дека канцеларијата е работна канцеларија за општинската администрација каде тековно се одвиваат секојдневни работни обврски. Самата локација не е лесно видлива во Општината и многу мала за било каква активност. Исто како и за Службеникот за млади, така и за Канцеларијата за млади не постои промоција за нејзино постоење и ниту младите, ниту локалните граѓански организации, како главни мобилизатори на млади, не се запознаени.

**МЛАДИНСКИ ЦЕНТАР**

Според Законот за младинско учество и младински политики, општините имаат обврска за да отворат младински центри во рок од пет години од стапување во сила на законот. Процедурата за отворање на центрите и задржување на квалитетот, се утврдени и со Правилник за стандарди за квалитет на младинските центри кој го донесоа АМС заедно со Сојуз за младинска работа. Младинскиот центар е од отворен тип и треба да биде достапен на младите најмалку 40 часа неделно, распореден во најмалку 5 дена.

Центрите ги основаат единиците на локалните самоуправи и им обезбедуваат од 50 до 70 проценти од потребните средства за реализација на програмата на центарот. ЕЛС преку јавен повик избира младинска организација или организација за млади регистрирани кај АМС. Избраната организација раководи со центарот од три до пет години. За да се гарантира квалитетот на центрите, во првата година Меѓуресорската група за младинска работа при АМС ја евалуира избраната организација. По евалуацијата или добиваат етикета за квалитет или ако не работат задоволително, ЕЛС објавува нов повик.

Во младинските центри треба да има дипломиран младински работник, финансиски координатор, административен асистент кои се дел од административниот тим на центарот. Тимот ќе е задолжен за уредување и управување со работата на центарот и обезбедување на услови за негово непречно функционирање.

Во програмскиот тим пак е предвидено да има дипломиран младински работник, социјален работник, психотерапевт, двајца работници со млади и млади волонтери. Тимот ќе е задолжен за истражување на локални потреби, интереси и можности за младите, креирање и спроведување програми за младинска работа.

Целото ова, вака поставено, изгледа одлично, но колку тоа е применливо и практично во реалност допрва ќе видиме. Бројот на луѓе што треба да бидат дел од работниот тим во Младинскиот центар е нереално остварлив во мали општини како што е општина Свети Николе. Во нашата општина, тешко е да се најдат луѓе со наведените професии, а уште повеќе да има доволно средства од општинскиот буџет за да се покријат месечните трошоци за целиот тој персонал.

Потребата за младински центар на локално ниво не е нова и се уште е актуелна, бидејќи нема никаква промена во тој дел. ОЖОСВН, во 2018 година спроведе истражување за потребите и приоритетите на младите од општината. Ова истражување покажа дека на младите од Свети Николе им е потребно простор каде ќе се спроведува системска поддршка на личниот развој на младите луѓе и нивно активно вклучување во животот на заедницата преку неформално образование и информално искуствено учење низ учество во забавни и волонтерски активности организирани за и од младите.

Во разговор со службеникот за млади во Општина Свети Николе добивме информација дека се подготвени предлог одлуките за Младински центар, кои треба да бидат изгласани од советот на Општина Свети Николе. Станува збор за следниве одлуки: Одлука за основање на младински центар во општина Свети Николе, Одлука за намена на простор на ОУ Дом на културата Крсте Петков Мисирков - Свети Николе за активности на Младински центар, Одлука за утврдување на услови за избор на граѓанска организација за раководење со младинскиот центар во Свети Николе и одлука за објавување на Јавен повик за избор на Младинска организација или Организација за млади која ќе раководи со Младинскиот центар во Свети Николе.

Иако предлог одлуките се подготвени и тоа покажува дека општината работи на исполнување на обврските од ЗМУМП, сепак целиот процес е многу спор и не е систематски организиран.

**Зошто е важно да имаме активни млади во граѓански организации?**

Потребно е младите на локално ниво да бидат поорганизирани и поактивни, да се работи на нивна едукација и зајакнување на капацитетите за да може тие да ги застапуваат своите интереси пред релевантните локални чинители. За да се зајакнат нивните капацитети и да знаат како да ги застапуваат своите интереси младите треба да ги препознаат граѓанските организации како инструмент преку кој можат да се стекнат со вештини кои ќе им помогнат во делот на застапување и лобирање.

**Зошто е важно да имаме информирани млади?**

Потребно е младите да дознаат и разберат дека со фунционален ЛМС и функционални сервиси за млади добиваат гарантиран канал за комуникација со локалните власти. На младите им се дава можност да бидат иницијатори и учесници во процесите на креирање политики за младите и да имаат директен придонес кон подобрување на сопствениот живот во средината каде што живеат.

**Зошто е важно да имаме отворена општина?**

Општина која ги имплементира законските мерки од ЗМУМП покажува дека е отворена и спремна за младински политики. Општина која има функционален ЛМС и функционални сервиси за млади подобро ќе биде запознаена со потребите, предизвиците и проблемите со кои младите се соочуваат во локалната заедница, а со тоа полесно ќе може да ги планира своите политики имајќи ги предвид интересите и потребите на младите луѓе, подобрувајќи ги нивните можности и иднината во сопствената општина.

**Заклучоци**

- Општина Свети Николе бележи подобрување во делот на имплементирање на ЗМУМП.
- Во самиот статут на Општина Свети Николе веќе постои член 40 кој се однесува на формирање на Локален Младински Совет. Сепак постоечкиот член 40 е во колизија со ЗМУМП.
- Општина Свети Николе во својата програма за млади и спорт 2023 за прв пат има вклучено активности за млади и за тие активности има издвоено финансиски средства од 0,1% од буџетот на Општина Свети Николе.
- Во општина Свети Николе има назначено службеник за млади.
- Во општина Свети Николе има одредено канцеларија за млади.
- Во општина Свети Николе во годишниот план за е-набавки е предвидено изработката на Стратегија за млади и Стратегијата за локален економски развој.

**Препораки**

- Спроведување на постапка за измени и дополнувања на Статутот на Општина Свети Николе во согласност со законските одредби.
- Според потребите и приортитетите на младите, да се креира Програма за млади на општина Свети Николе, одвоено од Програмата за спорт и млади како до сега.
- Буџетот за млади да биде во согласност со потребите на младите и расположливите ресурси на општината и не секогаш да се базира само на законски определениот минимум.
- Да се промовира службеникот за млади и неговите надлежности пред младите и пошироката јавност.
- Позицијата Службеник за млади да биде постојана позиција заради континуитет во работата која нема да се менува со промена на локалната власт
- Да постојат јасно дефинирани критериуми и услови за избор на членови на ЛМС.
- Изборот на членови на ЛМС да се врши на транспарентен начин и според искуство, интерес и мотивација на кандидатите за членови
- Да се креира методологија и програма за јакнење на капацитетите на членовите на Локалниот младински совет и службеникот за млади која ќе биде задолжителна за сите
- Воспоставувањето на Советот да не биде избрзано, бидејќи без значајно учество на младите или без обезбедување комуникација со носителите на одлуки во Општината постои ризик тој да биде пасивно тело за кое членовите (младите) може да изгубат интерес, а неговата работа да згасне и вложените напори да бидат неуспешни.
- Креирањето на Локалната стратегија за млади да биде спроведено на партиципативен начин и јавни пошироки консултации со сите локални чинители кои се засегнати од младинската политика, со акцент на младите без разлика на нивната позадина (рурални средини, млади со посебни потреби, социјално загрозени и др.).

**Прилози**

Прилозите подолу се дадени од Прирачникот за Локален младински совет издаден од АМС под точка Прилози за Општината.

| **Прилог 1** |
|---|

**Чекори за формирање Локален младински совет**

1. Статутарна одлука на Совет на Општина за измена и/или дополнување на Статутот на Општината – Формирање посебно тело во Општината: Локален младински совет.

2. Општината распишува Повик за формирање Иницијативен одбор (ИО).

3. Повик за членство во конститутивното Локално собрание на млади - Иницијативниот одбор преку Општината објавува Јавен повик за членство во Локалното собранието на млади. 4. Конститутивна седница на Локалното собрание на млади.

5. Повик за избор на членови на Локален младински совет.

6. Избраните членови на Локалниот младински совет се верификуваат од страна на Советот на Општината по добиена одлука за избор на членови од страна на Собранието на млади на Општината.

7. По верификацијата, на првиот состанок на Локалниот младински совет се избира претседател/ка и заменик-претседател/ка на Советот и заедно со членовите се носи Деловник за работа.

| **Прилог 2** |
|---|

**Одлука на Општина XXX за измени и дополнување на Статутот на Општина XXX**

Врз основа на член XXX од Статутот на Општината XXX („Службен гласник на Општина XXX“), врз основа на член 21 и член 36 став 1, точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РСМ“ бр. 05/2002), член 16 од Закон за младинско учество и младински политики, Советот на Општина XXX на седницата одржана на ден XУ.XУ.2021 година, донесе:

ОДЛУКА

за пристапување кон измени и дополнувања на Статутот на Општина XXX

Член 1
Со Одлуката се пристапува кон измени и дополнувања на Статутот на Општина XXX.Член 2
Предлог-измените, градоначалникот на Општина XXX ќе ги достави до Статутарно-правна комисија на Советот на Општина XXX за разгледување и освојување.
Член 3
Одлуката влегува во сила 8-миот ден од објавувањето во „Службен гласник на Општина XXX“.

Образложение

Во Статутот на Општина XXX, во глава III ОРГАНИЗАЦИЈА И РАБОТА НА ОРГАНИТЕ НА ОПШТИНА
По член XX се додаваат нови членови кои гласат:
Член XX-а
ЛОКАЛЕН МЛАДИНСКИ СОВЕТ
Во Општината се формира Локален младински совет како советодавно тело на Општината со цел младите активно да се вклучат во јавниот живот на Општината.
Млади се жители на Општина XXX, на возраст од 15 до 29 години според Закон за младинско учество и младински политики.
Младите од став 1 на Одлуката, може да бидат избрани за претседател/ка и заменикпретседател/ка на Локален младински совет на Општина XXX, само ако се со место на живеење во Општина XXX.
Член XX-б
Одлука за основање Локален младински совет донесува Советот на Општината врз основа на позитивните законски прописи.
Член XX-в
ДЕЛОКРУГ НА РАБОТА
Во рамките на својот делокруг на работа Локалниот младински совет:
- предлага точки на дневен ред на Советот на Општината, кои ги засегаат младите; - иницира прашања за млади од делокругот на работата на Општината;
- иницира, учествува и дава повратни информации за процесот на локална младинска стратегија и други политики;
- доставува информации до Општината, за прашања кои се однесуваат на младите и
- врши други советодавни и застапувачки работи во согласност со ЗМУМП
Член XX-г
Општината распишува Повик за формирање Иницијативен одбор (ИО) согласно член 17 од Законот за младинско учество и младински политики. Во ИО може да членуваат младински организации, организации за млади, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други облици на младинско здружување кои работат и функционираат на територијата на Општината и сакаат да учествуваат во основањето на ЛМС. Во повикот се напоменува дека Иницијативниот одбор се формира само еднаш за одржување на конститутивното Локално собрание за млади, има најмногу 5 члена и по успешно свикување на Собранието истиот се распушта, односно мандатот престанува.
Иницијативниот одбор преку Општината објавува јавен повик за членство во Локалното собрание на млади. Во јавниот повик јасно е прикажан начинот на пријавување, критериумите кои треба да се исполнуваат за пријавување, како и рокот за пријавување. Повикот треба да биде објавен на веб-страницата на Општината, и да биде достапен за сите млади, а да се сподели на повеќе јавни места, на социјалните мрежи на Општината, до медиумите и до засегнатите чинители (форми на младинско организирање).
Формите на организирање и здружување кои може да учествуваат во Собранието не мора да бидат регистрирани во Општината, но мора да имаат активности на територијата на Општината. Делегатот и заменик-делегатот треба да бидат жители на Општината и на возраст од 15 до 29 години.
Иницијативниот одбор иницира и заседава со конститутивна седница на Локалното собрание на млади заедно со одговорното лице на Општината.
Од редовите на Локалното собрание на млади се избира и изгласува трочлена комисија, составена од млади, која е одговорна за следење на целокупниот процес за изборот на членови на Локалниот младински совет. На конститутивната седница на Локалното собрание на млади се избира претседавач/ка по пат на тајно гласање. Секој член на Собранието на млади може да биде кандидиран за претседавач/ка или доколку е предложен и поддржан од

најмалку 3 членови на Собранието на млади. Мандатот на членовите на Собранието на млади вклучително и на претседавачот/ката трае две години со право на уште еден избор.
На конститутивната седница, Локалното собранието на млади носи одлука за формирање комисија која до следната седница на Собранието на млади на Општината треба да подготви Деловник за работа на Собранието.
Првата седница на Локалното собрание на млади (веднаш после конститутивната седница) ја свикува веќе избраниот претседавач/чка на Собранието. На седницата се усвојува Деловникот за работа изготвен и предложен од страна на комисијата и се донесува Одлука за распишување Јавен повик за формирање Локален младински совет на Општината, со критериуми во согласност со Законот за младинско учество и младински политики. Јавниот повик се објавува на веб-страницата на Општината, во локалните медиуми и на останати јавни места/социјални медиуми сè со цел да информира што е можно поголем број на млади во Општината. Повикот треба да трае најмалку 10 дена од денот на неговото објавување.
По доставените пријави на кандидатите за членови на Локалниот младински совет, надлежното лице, односно службеникот за млади документацијата од сите пријавени ја доставува до претседавачот/ката и до Собранието кои пак свикуваат нова седница на Собранието. На седницата на Локалното собрание на млади се покануваат делегатите на Собранието и младите кои се пријавиле за членови на Локалниот младински совет, а ги исполнуваат критериумите од повикот.
Трочлената верификациона комисија на Локалното собрание за млади (креирана за време на конститутивната седница) го следи процесот на избор на членови на Младинскиот совет на Општината и треба да ги потврди мандатите на делегатите.
Кандидатите за членови на Локалниот младински совет имаат право на куса презентација на својата програма пред членовите на Собранието, по што следува постапката на гласање. Локалното собрание на млади избира членови на Локалниот младински совет по пат на непосредни избори со тајно гласање во кое право на глас имаат делегатите од Локалното собрание на млади. За избрани членови на Локалниот младински совет се сметаат оние членови кои освоиле најмногу гласови од страна на присутните делегати, водејќи сметка за балансирана застапеност на двата пола.
Бројот на членови на Локалниот младински совет е непарен и не надминува повеќе од една третина од членовите на Советот на Општината. Членовите на Локалниот младински совет имаат мандат од две години со право на уште еден избор.
Кандидатите за членови на Локалниот младински совет ги предлагаат: граѓански организациии младински здруженија, училишни заедници совети, студентски совети и други форми на младински организации.
Врз основа на писмените предлози од предлагачите на предлог на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, Советот на Општината XXX го избира и го разрешува Локалениот младински совет врз основа на одлука на Локалното собрание на млади. Локалниот младински совет од своите редови избира претседател/ка и заменикпретседател/ка, согласно Деловникот за работа на Локалниот младински совет.
Член XX-д
Советот на Општината може да разреши член на Локалниот младински совет и пред истекотна мандатот поради:
- лично барање на членот на ЛМС,
- ако неоправдано отсуствува од седниците на Советот на млади
Член XX-ѓ
Локалниот младински совет одржува редовни седници по потреба, но најмалку еднаш во месецот. Седниците ги свикува и со нив заседава претседателот/ката на Локалниот младински совет. Претседателот/ката на Советот е должен/а да свика вонредна седница на Советот на млади на предлог од најмалку 1/3 од членовите на ЛМС.
Локалниот младински совет ги донесува одлуките со мнозинство гласови ако на седницата присуствуваат мнозинство од вкупно избраните членови на ЛМС.

Начинот на работа на Локалниот младински совет поблиску се утврдува со Деловникот за работа.
Локалниот младински совет може да формира постојни и повремени работни тела за потесни кругови на делување, за поедини групи на млади или за проблеми кои ги загрижуваат младите.
Член ХХ-е
Локалниот младински совет донесува програма за работа на ЛМС и ја доставува до Советот на Општината за секоја календарска година.
Програмата за работа, Локалниот младински совет ја донесува со мнозинство на гласови од сите членови на ЛМС. Програмата се донесува и поднесува на одобрување пред Советот на Општината ХХХ најдоцна до 31 октомври во тековната година, за следната година.

СРЕДСТВА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА МЛАДИ
Општина ХХХ обезбедува финансиски средства за работа на Локалниот младински совет и простор за одржување седници на Советот на млади во Општина ХХХ.
Од буџетот на Општината, се издвојуваат средства во висина од најмалку 0,1 % на годишно ниво кои вклучуваат ресурси за работењето на ЛМС во согласност со усвоената годишна програма. Членовите на Локалниот младински совет не добиваат надоместок за својата работа.
Стручните и административните работи за потребите на Локалниот младински совет ги врши администрацијата во Општина ХХХ, односно назначува службеник/чка за млади во согласност со Законот за младинско учество и младински политики.

**Прилог 3**

ЈАВЕН ПОВИК ЗА ФОРМИРАЊЕ ИНИЦИЈАТИВЕН ОДБОР

Општината распишува Јавен повик за формирање Иницијативен одбор (ИО) согласно член 17 од Законот за младинско учество и младински политики.

Иницијативниот одбор е неформална група која има цел да се консултираат младите и да се застапат нивните интереси во креирањето на Советот. Бројот на членови во Иницијативниот одбор е пет и единствено тие членови имаат улога да го формираат Локалното собрание за млади. Времетраењето на ИО е краткорочно и завршува со свикување на првото Локално собрание на млади. Општината е задолжена за нивна селекција и работата на истото се координира и помага од службеникот/ката за млади во Општината.

Улога и задачи на Иницијативниот одбор:

• Поддршка на Општината во креирањето или ревидирањето на актите и одлуките кои го уредуваат формирањето и работата на ЛМС,

• Распишување повик за Конститутивното локално собрание на млади во согласност со Статутот на Општината по принципот на јавност и транспарентност,

• Соработка со Општината при организација и одржување на Конститутивното локално собрание за млади.

Во ИО може да членуваат младински организации, организации за млади, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други облици на младинско здружување кои работат и функционираат на територијата на Општината и сакаат да учествуваат во основањето на Советот.

Задолжителни документи:

• Портфолио на организацијата/групата/здружението,

• Годишна програма за работа,

• Извештај за активности со млади во изминатата година,

• Писмо со номинација за член во Иницијативен одбор и контакт-информации,

• Кратко мотивациско писмо од страна на номинираниот член и кратка биографија.

Начин на пријавување:

Имејл:

Адреса:

Рок за пријавување:

## Прилог 4

ЈАВЕН ПОВИК ЗА ЛОКАЛНО СОБРАНИЕ ЗА МЛАДИ

Иницијативниот одбор за формирање Локален младински совет при Општина XXX рапишува јавен повик за членство во Локалното собрание на млади.

Повикот е отворен за сите младински организации, организации за млади, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други облици на младинско здружување кои ќе ги исполнат следните критериуми:

• Да имаат активности на територијата на Општина XXX;

• Да се основани и активни најмалку една година пред отворањето на овој повик;

• Делегатот/ката и заменик-делегатот/ката да се жители на Општина XXX и да се на возраст од 15 до 29 години.

Пријавување: Сите заинтересирани организации кои ги исполнуваат критериумите потребно е да ги достават следните документи на имејл: xxxxxxxx и да ги поднесат во архивата на Општина XXX, ул. XXX со ознака Апликација за членство во Собранието на Советот на млади.

Задолжителни документи:

1. Портфолио за работата на организацијата.

2. Мотивациско писмо за учество во Локалното собрание на млади, но не повеќе од 1 страница.

3. Годишен извештај за работата од претходната година со кој се потврдува дека организацијата била активна изминатата година со активности спроведени за или од млади во Општина XXX.

4. Номинација на делегат/ка и заменик-делегат/ка со контакт-детали за претставниците.

Рокот за пријавување е од________________(датум) до___________(датум). Апликациите ќе бидат разгледувани од страна на Иницијативниот одбор за формирање Локално собрание на млади со цел избор на Локалниот младински совет при Општина XXX.

За повеќе информации околку повикот може да се обратите на следните контакти: (контакт: имејл или телефонски број).

**Користена литература**


- Прирачник за Локални младински совети
  Достапно на
  https://www.osce.org/files/f/documents/a/c/491135.pdf
- Закон за младинско учество и младински политики
  Достапно на
  https://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/2020/03/Zakon-za-mladinsko-uchestvo-i-mladinski-politiki-16-01-2020.pdf
- Мониторинг извештај за имплементација на Законот за младинско учество и младински политики
  Достапно на
  https://nms.org.mk/wp-content/uploads/2022/04/Monitoring-izvestaj_MKD-2.pdf
- Статут на Општина Свети Николе
  Достапно на
  https://svetinikole.gov.mk/dokumenti/Sovet/Statut%20na%20Opstina%20Sveti%20Nikole.pdf
- Програма за спорт и млади 2023
  Достапно на
  https://svetinikole.gov.mk/wp-content/uploads/2022/12/NATSRT-PROGRAMA-SPORT-i-MLADI-2023-Sveti-Nikole.pdf
- Програма за Локален економски развој
  Достапно на
  https://svetinikole.gov.mk/wp-content/uploads/2022/12/NATSRT-Programa-za-LER-2023-Sveti-Nikole.pdf
- Стратегија за Локален економски развој
  Достапно на
  https://svetinikole.gov.mk/wp-content/uploads/Strategija_LER_Sv.Nikole_FV_GesSol.pdf
- Локална стратегија за млади
  Достапно на
  http://www.progres.org.mk/progress-project/documents/559cf478a3581_lms%20sveti%20nikole.pdf
- Јавни набавки
  Достапно на
  https://e-nabavki.gov.mk/PublicAccess/home.aspx#/dossie-annual-plan/82677dbf-5ca6-48b8-979a-af8500ecab2d/1
- Програма за активностите на Општина Велес за поддршка на младите
  Достапно на
  https://veles.gov.mk/sednici/programi-2022/Mladi2022.pdf
- Стандарди за квалитет на младински центри
  Достапно на
  https://smr.org.mk/wp-content/uploads/2020/04/Standardi.pdf



ОРГАНИЗАЦИЈА
НА ЖЕНИТЕ
НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ